Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 109, 15 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област аналитика на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област механика на флуиди и стручно технички системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 32

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на рракописот „Менаџмент на комунален отпад“ од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Казнено право посебен дел - со практични примери“ - авторизирани предавања од авторот проф. д-р Тодор Витларов, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 58

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на својата 87. седница, одржана на 25 март 2013 година, донесе Одлука (2502 - 69/21) за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултетот за медицински науки. На 90. седница на Наставно-научниот совет, на 20.5.2013 година, донесе Одлука бр. 2502-101/32 и Решение бр.2502-101/49, 50, 51 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област **епидемиологија** на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

- проф. д-р Блаже Николовски, редовен професор, специјалист епидемиолог, вработен на Европски универзитет - Скопје, претседател;
- проф. д-р Драган Даниловски, редовен професор, специјалист епидемиолог, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, член,
- проф. д-р Билјана Таушанова, редовен професор, специјалист епидемиолог, вработена на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 30.4.2013 година. На Конкурсот се пријави професорот д-р Ѓорѓи Шуманов, доктор на медицински науки од областа на епидемиологијата, вработен како професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Со пријавата кандидатот ги приложил следниве документи:

- кратка биографија;
- потврда за стекнат научен назив доктор на науки;
- список на објавени трудови;
- сертификат за познавање на еден од светските јазици (англиски јазик);
- уверение за државјанство.

Врз основа на пријавата и доставенета документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија до Факултетот за медицински науки го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

*Биографски податоци*

**Д-р Ѓорѓи Шуманов** е роден во 1952 година во Ново Село - Струмичко. Основно образование завршува во Ново Село, а средно во Струмица. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје 1977 година и се вработува во Здравствена станица - Виница, а стручниот испит го положува во април 1979 година во Скопје.

Во 1980 година ја завршува Санитетско-офицерска школа на Воено-медицинската академија во Белград. Од 1981 до 1985 година е управник на Воена амбуланта и началник на Санитетска служба на бригада во Струмица. Од 1985 до 1988 година специјализира епидемиологија на Воено медицинската академија во Белград. Од 1988 до 1991 година ја врши должноста началник на Одделението за медицинска информатика при Санитетската служба на Трета армиска област во Скопје.

Од октомври 1988 година до јуни 1990 година ги положува предвидените мајорски испити на Воената академија за копнена војска во Белград и во редовна процедура ги добива

воените чинови од мајор до полковник, во периодот од 1992 до 2007 година, на должност началник на Одделението за епидемиологија и на Институтот за превентивна медицина при Санитетската служба на АРМ.

Во меѓувреме, во учебната 1993/1994 година се запишува на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје од областа на епидемиологијата. Во 1997 година го одбранува магистерски труд со наслов „Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во југоисточниот дел на Република Македонија" и се стекнува со академското звање магистер по медицински науки од областа на епидемиологијата.

Докторска дисертација со наслов „Прилог во осовременувањето на имунопрофилаксата на тетанусот во Република Македонија" ја пријавува во 1999 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Во предвидениот рок јавно ја одбранува со што се стекнува со академскиот степен доктор на медицински науки од областа на епидемиологијата.

Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери, ги користи програмите на Microsoft, SPSS, STAT и за држење на настава, поддржана со Telecommunications; Databases; Graphics; Advanced Telecommunications; Multimedia / Hypermedia. Кандидатот ги користи англискиот, францускиот и рускиот јазик, а ативно ги познава и ги користи српско-хрватскиот и бугарскиот јазик.

### *1. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

### *Наставно-образовна активност*

Вонр. проф. д-р Ѓорѓи Шуманов на Факултетот за медицински науки успешно ги извршува своите работни обврски како наставник по група предмети од полето на јавното здравство и здравствената заштита. Уште од вработувањето како специјалист епидемиолог во Институтот за превентивна медицина е вклучен во едукативниот процес на студенти од Медицинскиот факултет во Скопје и во подготовка на специјализанти по епидемиологија. Од 1995 до 2007 година е избран за предавач на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје и го предава предметот Воена епидемиологија.

Во април 2007 год. со Одлука од Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Ѓорѓи Шуманов е избран во звање професор на Високата здравствена школа за група предмети од фундаментални медицински науки (анатомија, биостатистика со медицинска информатика и епидемиологија со јавно здравство). Во септември 2007 год. е избран за член на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во септември 2008 год. со Одлука од Матичната комисија за основање на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Ѓорѓи Шуманов е избран во звање вонреден професор на овој факултет. Како прв избран продекан за настава на Факултетот за медицински науки, д-р Шуманов е еден од учесниците во поставувањето на темелите на овој факултет, а понатаму се залага за неговиот раст и развој.

Во изминатиов изборен периодот од 2008 до 2013 год. дава посебен придонес во развивање на курикулумите на Факултетот за медицински науки. Воведува нови предмети со предложени и подоцна акредитирани предметни програми (подетално во табела на активности во прилог). Воедно, тој ја изведувал наставата на Општа медицина по предметите: Вовед во медицината (2+0+1), Основи на јавно здрвство (2+0+1), Епидемиологија (2+1+1), Унапредување (промоција) на здравје (2+0+1), Социјална медицина (2+1+1) и на Стручните студии по предметите: Епидемиологија и јавно здравство (2+2+1), Превенција на заразни и незаразни болести (2+0+1), Социјална медицина (2+0+1), Основи на научноистражувачка работа (2+0+1), Јавно здравство и оптометрија (2+0+1), на Стоматологија по предметот: Социјална медицина (2+0+1) и на Епидемиологија и јавно здравство (2+1+1), на Fармација по предметот: Применета статистика (1+1+1).

Вонр. проф. д-р Ѓорѓи Шуманов е коавтор на два позитивно рецензирани универзитетски учебници. Првиот учебник е со наслов „*Епидемиологија и јавно здравство*" (2009), кој се користи за потребите на наставата по предметите Епидемиологија и Епидемиологија и јавно здравство за студентите на Општа медицина, Стоматологија и студентите на стручните студии. Вториот учебник е со наслов *„Анатомија за студентите на студиската програма Стоматологија" (2012)* за потребите на наставата по предметот

Анатомија 1, за студентите по стоматологија. Овој учебник е достапен на Е-библиотека на Универзитетот. За студентите на Факултетот за медицински науки има издадено и четири интерни скрипти: *„Основи на јавно здравство“* (2009), *„Вовед во медицината“* (2008), „Социјална медицина“ (2008), *„Анатомија за студентите на Високата здравствена школа“* (2008).

Во досегашната наставна активност е **ментор на два одбранети специјалистички труда** и уште три специјалистички трудови се пред одбрана.

***Одбранети специјалистички трудови се:***

- Бојана Ангелеска (2011), епидемиолошки карактеристики на вирусниот хепатит Б во Република Македонија и Град Скопје - за периодот 2000-2009 година;
- Татјана Ризова (2013), Вакцинација против вирусен хепатит Б спроведена во Општина Неготино во периодот 2001-2010 год.

***Воедно бил и член на пет комисии за одбрана на специјалистички трудови.***

Бил ментор и на повеќе дипломски трудови/труд за завршен испит (одлуки со броеви: 2503-228/8 од 12.11.2012 г., 2503-228/11 од 12.11.2012 г., 2503-228/21 од 14.11.2012 г., 2503-228/8 од 12.11.2012 г., 2503-228/3 од 3.10.2012 г.; 2503-228/5 од 30.11.2012 г.; 2503-228/5 од 30.11.2012 г.; 2503-228/7 од 30.11.2012 г., исто така како претседател или член учествувал во комисии за одбрана на повеќе од седум дипломски работи.

***Во изборниот периодот 2008-2013 г. е ментор на седум студентски теми презентирани на конгресите на студентите по медицина:***

1. Stojanovski A., **Sumanov, G**., Panova, B. Panov, N. Panova, G. Nikolovska, L.: Rabies the clinic for infectious diseases in Skopje from 2007 to 2011, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 95.
2. Stojanovski A., **Sumanov, G**., Panova, B. Panov, N. Panova, G. Nikolovska, L. (2013): Epidemiological characteristics of Viral hepatitis “b” in macedonia in the period from 2001 to 2010, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 118.
3. Panov, N., **Sumanov, G**., Panova, B., Stojanovski A., Panova, G. Nikolovska, L. Jovevska S. (2013).: Burnout syndrome, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 182.
4. Panov, N., **Sumanov, G**., Panova, B., Panova, G., Stojanovski A., Nikolovska, L. Jovevska S. (2013): Stress in health works, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 183.
5. Jordanovski J., Panov, N., Jordanovski D., **Sumanov, G**., Stojanovski A., Panova, B., Panova, G., Nikolovska, L. Jovevska S. (2013): Representation of ethics in medical education, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 209.
6. Jovevska S. , Jovevska, M., Zdravkovska M .,S**umanov**, G., Panova, B., Panova, G., Nikolovska, L. (2013): Kyphosis and scoliosis in children, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 215.
7. Jovevska S. , Jovevska, M., **Sumanov, G.**, Panova, B. Panov, N. Panova, G. Nikolovska, L. Stojanovski A. (2013): Variations of renal arteries in human, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 59.

***Рецензент за избор на наставници и соработници од ФМН***

Од 2008 до 2013 г. бил рецензент за избор на поголем број наставници и соработници на Факултетот за медицински науки при УГД – Штип (вкупно на 31), објавени во билтените:

- бр.31/16.11.2009 - соработник, анестезиологија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, интерна медицина;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, оториноларингологија;бр.31/16.11.2009 - соработник, урологија, соработник, епидемиологија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, инфектологија;

- бр.31/16.11.2009 - соработник, трансфузиологија;
- бр.31/16.11.2009 – наставник, дерматовенерологија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, хирургија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, ортопедски болести;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, радиологија;
- бр.31/16.11.2009 - наставник, офтамологија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, микробиологија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, патологија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, педијатрија;
- бр.31/16.11.2009 - соработник, јавно здравство и здравствена заштита;
- бр.31/15.02.2010 - наставник, медицинска генетика и хистологија со ембриологија;
- бр.39/03.05.2010 - наставник, фундаментални медицински науки;
- бр.40 /15.05.2010 - соработник, хигиена;
- бр.40 /15.05.2010 - соработник, клиничка медицина;
- бр.40 /15.05.2010 - соработник, фундаментални медицински науки;
- бр.46 /15.09.2010 - наставник, фундаментални медицински науки;
- бр.46 /15.09.2010 - наставник, клинички медицински науки;
- бр.50 /01.12.2010 - наставник, фундаментални медицински науки;
- бр.58 /15.04.2011- наставник, хигиена;
- бр.59/03.05.2011- соработник, клиничка медицина;
- бр.73 /30. 01.2012 – соработник, интерна медицина;
- бр.75 /03. 03.2012 – соработник, клинички медицински науки;
- бр.83 /02. 07.2012 – наставник, организација на здравствена служба;
- бр.92 /15. 11.2012 – соработник, фундаментални медицински науки;
- бр.92 /15. 11.2012 – соработник, јавно здравство и здравствена заштита;
- бр.95 /24. 01.2013 – соработник, фундаментални медицински науки.

***Признанија и награди***

1. Диплома од Македонско лекарско друштво (7.4.1995 г.).
2. Плакета од Македонско лекарско друштво (7.4.2003 г.).
3. Писмена пофалба од началникот на ГШ на АРМ на 18 август 2004 год. - денот на АРМ.

***Научноистражувачка активност***

Од поднесената документација констатиравме дека проф. д-р Шуманов има голем број на презентирани и публикувани научни трудови на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси.

За увид во научната работа на кандидатот ќе бидат прикажани трудови и пред изборниот период, но бодирани и прикажани се само трудовите од изборниот период 2008-2013 год. Сите трудови се рецензирани и објавени од соодветни уредувачки одбори.

По евалуацијата на трудовите од изборниот период, констатиравме дека научниот интерес на проф. д-р Шуманов е фокусиран на областа на епидемиологијата и дека со своите истражувања дава придонес во развојот на оваа област во Република Македонија.

Д-р Ѓорѓи Шуманов бил на повеќе стручно-научни усовршувања во земјава и во странство:

- Завршува повеќе курсеви од областа на медицината на ВМА - Београд;
- International Military Medical HIV/SIDA Pandemic Workshop, 2006, Brisel, Belgija.
- Учесник и член на организацијата на голем број воени вежби, а меѓу позначајните се: „Единство 1983“ и Медицинската вежба 97/2”, ”MEDCEUR 97/2”преку ПАРТНЕРСТВОТО ЗА МИР;
- Национален центар за инфективни и паразитарни заболувања во Софија, Бугарија, 2007;
- Школа за јавно здравство „Андрија Штампар”, Загреб, Хрватска, 2007.

***Реализирани проекти:***

- Шуманов Ѓ (2011): Мапирање на ризици поврзани со епидемии и епизоотии, Центар за управување со кризи, 2011, Зборник на трудови, 94-102.
- „Изучување на епидемиологијата, клиничката слика и превенцијата на вирусните хепатити" (1988) на ВМА во Белград.
- „Утврдување на генетскиот профил на вирусните хепатити Б и Ц" (1995-1996), МАНУ.
- „Изучување на епидемиологијата, клиничката слика и превенцијата на бруцелозата во Република Македонија" (1994-1997), ИПМ при Воена болница.
- „Испитување на вакциналниот и имунолошкиот статус во однос на тетанусот кај воените лица на АРМ" (1995-2000), ИПМ при Воена болница.
- „Изработка на стручни и организациони ставови, компатибилни со НАТО стандардите од областа на превентивната медицина" (2005).
- „Правилник за имунизација во АРМ" и „Упатство во превенцијата на тетанусот при ранување и други видови на повреди" (1998) во кои се имплементирани сознанијата од докторската дисертација на д-р Шуманов. Наведените сознанијата претставуваат осовременување и рационализација во однос на превенцијата на тетанусот, како од стручно-медицински, така и од економски аспект.

***Објавени стручни трудови во земјава и во странство:***

1. **Шуманов, Ѓ.,** Манчева, К., Соколовски, Б.,. Николовски, Б (1994): Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во Општина Радовиш, 1987-1993 . Макед.мед. преглед, 1994, 48,106-110.
2. **Шуманов, Ѓ.,** Мојсовски, Н., Николовски, Б., Стојкоски, С., Бушев, Ј., Јовчев, В. (1996): Сегашност и иднина на BCG вакцинацијата во Република Македонија**,** I македонски имунолошки конгрес, Охрид, 1-5 октомври 1996, Зборник на резимеа, Мак. мед. преглед, Скопје, 1996, 50 (суплемент 23), 15.
3. **Шуманов, Ѓ.**, Соколовски, Б., Николовски, Б., Талески, В, Стојкоски, С. (1997): Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во Република Македонија**,** I конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 14-17 мај 1997, Зборник на резимеа, Мак. мед. преглед, Скопје, 1997, 51 (суплемент 24), 39.
4. **Шуманов, Ѓ.**, Стојкоски, С., Соколовски, Б., Николовски, Б., Грданоски, С. (1997): Тетанусот во Република Македонија во периодот 1945-1997**,** I конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 6-10 октомври 1998. Зборник на резимеа, Мак. мед. преглед, Скопје, 1998, 52, (суплемент 33), 98.
5. **Шуманов, Ѓ.**, Панов, С., Николовски, Б., Дејанов, И., Соколовски, Б., Стојкоски, С., Панев, Д. (1999): Процена на имунитетот и потребата за вакцинација против тетанус, Макед. мед.преглед, Скопје, 1999, 56 (суплемент 52), 64.
6. **Шуманов, Ѓ.**, Панов, С., Николовски, Б., Стојкоски, С., Панев, Д. (2002): Вакцинален и имунолошки статус на населението во Република Македонија во однос на тетанусот**,** II конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 2-5 октомври 2002. Зборник на резимеа, Макед. мед.преглед, Скопје 2002, 56, 64.
7. **Шуманов, Ѓ.** (2005): Прилог во осовременувањето на имуно-профилаксата на тетанусот во Република Македонија, докторска теза, Скопје, 2005.
8. **Шуманов, Ѓ.,** Шуманова, Ц., Ангелова, В. (2006): Имуно-профилаксата на тетанусот кај повредени лица**,** III конгрес на Асоцијацијата на лекарите по општа медицина на Југоисточна Европа, Охрид, 15-18 јуни 2006, 266.
9. **Шуманов, Ѓ.**, Шуманова, Ц.: (2006): Поствакцинални реакции на вакцинацијата против тетанус, III конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 4-7 октомври 2006. Зборник на резимеа, Мак.мед.преглед, 2006, 60 (суплемент 68), 79.
10. Николовски, Б., Грданоски, С., Ангелески, А., **Шуманов Ѓ.** (1993): Застапеност на некои видови хелминти кои се пренесуваат преку земја, кај учениците од селските населби на Р. Македонија, Мак.мед.преглед, 1993, 47, 120-123.

11. Грданоски, С., **Шуманов, Ѓ.**, Милосављевиќ, А., Атанасовски, А, Хаџи-Наумов, Ј., Соколовски, Б.,. Николовски, Б, Стојкоски, С. (1994) : Интензивна хидрична епидемија на вирусен хепатитис А во воен колектив. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1994.
12. Поњавиќ, С., Глигоров, И., **Шуманов, Ѓ.,** Спиров, В (1994): Влијание на аерозагадувањето и движењето на заболувањата на дишните патишта во воените колективи, Мак.мед.преглед, 1994, 48 (суплемент 16) 118.
13. Taleski, V., Sopovski, E., **Shumanov, Dj.,** Nikolovski, B. (1994): Water-borne epidemic of bacillary dysenteri caused by two different serotypes. 7th International Congress of Bacteriology and Applied Microbiology Division, 7th International Congress of Mycology Division, Prague, Chez.Republic, July 3-8, 1994, 269.
14. Соколовски Б., Николовски Б., **Шуманов, Ѓ.** (1995): Хуманата бруцелоза во Р. Македонија, 1980-1993, Македонски медицински преглед, Скопје, 1995 год.
15. Николовски, Б., **Шуманов, Ѓ.**, Стојкоски, С.: Превентивномедицинска заштита во воени и вонредни услови, Прв научен симпозиум на тема: Одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија - состојби и перспективи, Охрид, 1996, 21-23.
16. Стојкоски, С., **Шуманов, Ѓ.** (1997): Алиментарни токсиинфекции во Република Македонија. Прв конрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 14-17 мај 1997, Мак.мед.преглед, 1997, 51 (суплемент 24), 112.
17. Taleski, V., Sokolovski, B., Panovski, N., Shopovski, E.,. Angelovski, A, **Shumanov, Gj.**: Assessment of the Diagnostic Value of 2-Mercaptoethanol Test in the Serologic Diagnosis of Human Brucellosis. XV International Symposium of W.A.V.M.I.Salmonellosis-Brucellosis, Cyprus, 16-27 February 1997, 96.
18. Стојкоски, С., **Шуманов, Ѓ.**, Тренкоски, М. (1998): Алиментарни токсиинфекции во Република Македонија во периодот 1993-1997 година, Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 6-10 октомври 1998, Мак.мед. преглед, 1998, 52 (суплемент 33), 122.
19. Соколовски, Б., Николовски, Б., **Шуманов, Ѓ.** (1998): Зоонозите во Република Македонија 1945-1995**,** Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 6-10 октомври 1998, Мак.мед.преглед, 1998, 52 (суплемент 33), 95.
20. Николовски, Б., Соколовски, Б, **Шуманов, Ѓ.** (1998): Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во Република Македонија, Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 6-10 октомври 1998, Мак.мед.преглед, 1998, 52 (суплемент 33), 96.
21. Соколовски Б., Николовски Б., **Шуманов Ѓ.** (1995): Хуманата бруцелоза во Р. Македонија, 1980-1993, Македонски медицински преглед, Скопје, 1995 год.
22. Николовски, Б., **Шуманов, Ѓ.**, Стојкоски, С. (1996): Превентивномедицинска заштита во воени и вонредни услови, Прв научен симпозиум на тема: Одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија - состојби и перспективи, Охрид, 1996, 21-23.
23. Стојкоски, С., **Шуманов, Ѓ.** (1997): Алиментарни токсиинфекции во Република Македонија. Прв конрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 14-17 мај 1997, Мак.мед.преглед, 1997, 51 (суплемент 24), 112.
24. Taleski, V., Sokolovski, B., Panovski, N., Shopovski, E.,. Angelovski, A, **Shumanov, Gj.** (1997): Assessment of the Diagnostic Value of 2-Mercaptoethanol Test in the Serologic Diagnosis of Human Brucellosis. XV International Symposium of W.A.V.M.I.Salmonellosis-Brucellosis, Cyprus, 16-27 February 1997, 96.
25. **Шуманов, Ѓ.** (1997): Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во југоисточниот дел на Република Македонија, магистерски труд, Скопје, 1997.
26. Стојкоски, С., **Шуманов, Ѓ.**, Тренкоски, М. (1998): Алиментарни токсиинфекции во Република Македонија во периодот 1993-1997 година**,** Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина со меѓународно учество, Охрид, 6-10 октомври 1998, Мак.мед. преглед, 1998, 52 (суплемент 33), 122.
27. Соколовски, Б., Николовски, Б., **Шуманов, Ѓ.** (1998): Зоонозите во Република Македонија 1945-1995, Прв конгрес на лекарите од превентивна медицина со

меѓународно учество, Охрид, 6-10 октомври 1998, Мак.мед.преглед, 1998, 52 (суплемент 33), 95.

28. Стојкоски, С., **Шуманов, Ѓ.,** Тренковски, М. (2002): Салмонелозни инфекции во Република Македонија во периодот 1992- 2001 година, Втор конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 28-31 мај 2002, Мак.мед.преглед, 2002, 55 (суплемент 50), 42.
29. Шуманова, Ц, **Шуманов, Ѓ** (2006): Долно грбна болка, приказ на случај, Прв конгрес на Асоцијацијата на лекарите по општа медицина на Југоисточна Европа, Охрид, 15-18 јуни 2006, 123;
30. Николовски Б., Соколовски Б., **Шуманов, Ѓ.** (2002): Бруцелоза-ендемска болест во Република Македонија, Втор конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 28-31 мај 2002, Мак.мед.преглед, 2002, 55 (суплемент 50), 48-49;
31. Стојкоски С., **Шуманов Ѓ.,** Треннковски М. (2002): Салмонелозни инфекции во Република Македонија во периодот 1992- 2001 година, Втор конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 28-31 мај 2002, Мак.мед.преглед, 2002, 55 (суплемент 50), 42;
32. Jovevska, S., Jovevska, M., **Sumanov, G.**, Panova, B. Panov, N. Panova, G. Nikolovska, L. Stojanovski A. (2013): Variations of renal arteries in human, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 59.
33. Stojanovski, A., **Sumanov, G**., Panova, B. Panov, N. Panova, G. Nikolovska, L. (2013): Rabies the clinic for infectious diseases in skopje from 2007 to 2011, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 95.
34. Stojanovski, A., **Sumanov, G**., Panova, B. Panov, N. Panova, G. Nikolovska, L. (2013): Epidemiological characteristics of Viral hepatitis "b" in macedonia in the period from 2001 to 2010, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 118.
35. Panov, N., **Sumanov, G**., Panova, B., Stojanovski A., Panova, G. Nikolovska, L. Jovevska S. (2013).: Burnout syndrome, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 182.
36. Panov, N., **Sumanov, G**., Panova, B., Panova, G., Stojanovski A., Nikolovska, L. Jovevska S. (2013): Stress in health works, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 183.
37. Jordanovski J., Panov, N., Jordanovski D., **Sumanov, G**., Stojanovski A., Panova, B., Panova, G., Nikolovska, L. Jovevska S. (2013): Representation of ethics in medical education, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 209.
38. Jovevska, S., Jovevska, M., Zdravkovska, M ., S**umanov**, G., Panova, B., Panova, G., Nikolovska, L. (2013): Kyphosis and scoliosis in children, 8th International Medical Students' Congress In Novi Sad, July 18th - 21st 2013, Novi Sad, Republic of Serbia, Abstract book, 215.

***Список на трудови доставени за евалуација, во изборниот период 2008-2013 г.:***

39. **Шуманов, Ѓ**., Панова, Г., Величкова, Н., Штерјовска-Алексовска, А. (2013): Состојбата на неонаталниот тетанус во Република Македонија, Трети конгрес на гинеколозите и акушерите на Македонија (со меѓународно учество), Охрид, 16-19 мај 2013, Зборник на апстракти, ПЕ-68.

*Тетанусот отсекогаш го привлекувал вниманието на луѓето, најмногу заради тешката клиничка слика и екстремно високиот леталит. Целта на трудот е да се согледаат епидемиолошките карактеристики на неонаталниот тетанус во Република Македонија, како и да се процени и прикаже состојбата на неговата локална и глобална елиминација. Резултатите покажуваат дека авторите несомнено ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

40. **Шуманов, Ѓ**., Величкова, Н., Панова, Г., Данилова, М. (2013): Интрахоспиталне инфекције одделења интензивног лечења у војној болници у Скопљу у периоду 2006-2010, Трећа конференција лекара опште медицине-породичне медицине Југоисточне Европе, Зборник сажетака, 91.

*Интрахоспиталните инфекции се јавно здравствен, социјален и економски проблем во Република Македонија. Резултатите покажуваат дека авторите ја реализирале поставената цел, преку анализата на една карактеристична епидемија, да ги прикажат позитивните искуства, дека бројот на заболени се смалува во болниците во кои успешно се спроведува примарната и секундарната превенција на овие инфекции.*

*Трудот има научно и апликативно значење.*

41. **Шуманов, Ѓ.** (2013)**:** Рационална имунопрофилакса на тетанусот во Република Македонија, Здружение на епидемиолозите на 28.5. -29.5.2013, Охрид, 2013.

Во врска со превенцијата на тетанусот, за нашата земја се евидентни состојбите на непознат имунолошки статус на населението, високо учество на вакцинирано население, нерационална постекспозициона имунопрофилакса.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се предложи рационална имунопрофилакса на тетанусот во Република Македонија. Резултатите покажуваат дека авторот несомнено ја реализирал поставената цел во истражувањето и го предлага протоколот за рационална имунопрофилакса на тетанусот во Република Македонија, врз основа на податоците за вакциналниот и имунолошкиот статус, што би требало да биде задолжителен принцип. Со овој пристап се постигнуваат подобрувања и рационализација од стручномедицински и економски аспект.*

*Трудот има научно и апликативно значење.*

42. **Шуманов, Ѓ**., Панова, Г., Величкова, Н. (2013): Состојбата на тетанусот во Република Македонија во периодот од 1945 до 2010 г., Четврти македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19.4.2013, Скопје, Зборник на апстракти, 28.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат епидемиолошките карактеристики на тетанусот во Република Македонија во периодот 1945-2010 година, со примена на дескриптивниот епидемиолошки метод, со статистичка обработка и анализа на податоците. Резултатите покажуваат дека авторите несомнено ги реализирале поставените цели во истражувањето.*

*Трудот има научно значење.*

43. **Шуманов, Ѓ**. (2012) Актуелни епидемиолошки карактеристики на тетанусот во Република Македонија, Прв научен симпозиум на ФМН, 21.12.2012 г., Штип. *Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат актуелните епидемиолошки карактеристики на тетанусот во Република Македонија и развојната тенденција за во иднина. Резултатите покажуваат дека авторите несомнено ги реализирале поставените цели во истражувањето.*

*Трудот има научно значење.*

44. **Shumanov, Gj**., Jankulovska Zdravkovska, M., Tanevska, J. (12): Epidemiological aspects of brucellosis in the Veles Republic of Macedonia, 3th international medical congress, Cardiovascular Diseases and Infectious Diseases, 12-15 September, 2012, Beograd, R.Srbija,104.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат епидемиолошките карактеристики на бруцелозата во Велес и Република Македонија со примена на дескриптивниот епидемиолошки метод, со статистичка обработка и анализа на податоците. Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето.*

*Трудот има научно значење.*

45. **Шуманов, Ѓ**., Јанкуловска-Здравковска, М., Грков В. (2012): Епидемиолошки карактеристики на бруцелозата во Штип во периодот од 1987 до 2011 година, Трет конгрес на лекарите по општа медицина/семејна медицина на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, 26-29 април 2012, Зборник на апстракти, 132.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат епидемиолошките*

*карактеристики на бруцелозата во Штип и во Република Македонија, со примена на дескриптивниот епидемиолошки метод, со статистичка обработка и анализа на податоците. Резултатите покажуваат дека авторите несомнено ги реализирале поставените цели во истражувањето.*

*Трудот има научно значење.*

46. **Sumanov, Gj.** (2011): Mapping the risks associated with communicable diseases, Southeast European medical forum, Second international medical congress, Cardiovascular Diseases and Infectious Diseases, 7-10 September, 2011, Sol Nesebar Resort, Nesebar, Bulgaria, PI-6.

*За да може да се преземат мерки на превенција и сузбивање на заразните болести, потребно е перманентно следење на епидемиолошката состојба. На овој начин ќе се биде во можност да се врши процена на епидемиолошката состојба. Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се предложи тапа на ризици во однос на инфективните заболувања. Резултатите покажуваат дека авторот ги реализирал поставените цели во истражувањето.*

*Трудот има научно и апликативно значење.*

47. **Sumanov, Gj.** (2009): Sumanova, C.: Diagnose and threating on ulkus disease, I.Conference of the Association doctors GP/FM South-East Europe, Ohrid, 18-21 June, Book of Abstracts, 101.

*Целта на трудот е да се согледа значењето на раната дијагноза и адекватната терапија во однос на мултикаузалната улкусна болест. Резултатите покажуваат дека авторите несомнено ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно и апликативно значење.*

48. *Шуманов, Ѓ., Шуманов*а, Ц (2008): Улогата на матичниот лекар во препознавањето и лекувањето на анксиозните и депресивните растројства, Втор конгрес на лекарите по општа медицина при Македонското лекарско друштво, Охрид, 19-22 јуни, Зборник на апстракти, 199.

*Болните со анксиозни и депресивни растројства се четврта водечка причина за болест и неспособност во светот, се очекува да се рангираат на второ место до 2020 година. Целта на трудот е да се процени улогата на Матичниот лекар кој има значајна улога во унапредувањето на здравјето на населението и во раното препознавање и лекувањето на овие заболувања. Се укажува потреба од континуирана едукација на медицинскиот персонал кој работи во примарната здравствена заштита, со што ќе се зголеми неговата компетентност во превенцијата и лекувањето на анксиозните и депресивните растројства. Резултатите покажуваат дека авторите несомнено ги реализирале поставените цели во истражувањето Трудот има научно и апликативно значење.*

49. Панова, Г., **Шуманов, Ѓ.,** Величкова, Н. (2013): Значењето на сестринството низ историјата, Четврти македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19.4. 2013, Скопје, Зборник на апстракти, 39.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикаже* значајната улога на медицинските сестри низ историјата, особено во воени услови и други вонредни состојби. *Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

50. Velickova, N., Efremova, D., **Sumanov, G.**, Panova, G. (2013): Rabies, pathogenesis, principals and prevention, Third conference AGPFMSEE General practice – Family medicine doctor Belgrade, 11-14. April 2013, Book of abstracts, 54.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат актуелните состојби во однос на беснилото во Република Македонија, со примена на дескриптивниот епидемиолошки метод, со статистичка обработка и анализа на податоците. Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето.*

*Трудот има научно значење.*

51. Velickova, N., Curlinova, S., Panova, G., **Sumanov, G.**(2013): Importance of treatment and rehabilitation on children with Down syndrome, Third conference AGPFMSEE General

practice – Family medicine doctor Belgrade, 11-14. April 2013, Book of abstracts, 55.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат актуелните состојби во однос на децата со Даунов синдром во Република Македонија. Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

52. Панова, Г., Панова, Б**., Шуманов, Ѓ**., Штерјовска-Алексовска, А. (2013): Застапеноста на анемијата кај бремените жени во Општина Кочани во периодот 2011-2012 год., Трети конгрес на гинеколозите и акушерите на Македонија (со меѓународно учество), Охрид, 16-19 мај 2013, Зборник на апстракти, ПЕ-39.

Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикажат актуелните состојби во однос на застапеноста на анемијата кај бремените жени во Општина Кочани, беснилото во Република Македонија, со примена на дескриптивниот епидемиолошки метод, со статистичка обработка и анализа на податоците. Резултатите покажуваат дека *авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

53. Величкова, Н., Николов, В., Штерјовска-Алексовска, А., **Шуманов, Ѓ.** (2013): Значењето на алфа-фетопротеинот (АФП) во пренаталниот скрининг, Трети конгрес на гинеколозите и акушерите на Македонија (со меѓународно учество), Охрид, 16-19 мај 2013, Зборник на апстракти, ПЕ-25.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикаже значењето на алфа –фетопротеинот во пренаталниот скрининг како можност за рана дијагноза на одредени состојби во пренаталниот период и навремено преземање на адекватни терапевски мерки. Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

54. Панова, Г., Панова, Б**., Шуманов,** Ѓ., Николовска, Л. (2013): Руфејда прва медицинска сестра во историјата на Исламот, Четврти македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19.4.2013, Скопје, Зборник на апстракти, 38.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикаже значајната улога на Руфејда прва медицинска сестра во историјата на исламот и тоа како од историски, така и од религиозен аспект. Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

55. Шуманова, Ц., **Шуманов, Ѓ**. (2012): Cefixime – лек на избор за вонболничко лекување на долнореспираторните инфекции, Трети конгрес на лекарите по општа медицина/семејна медицина на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, 26-29 април 2012, Зборник на апстракти, 198.

*Користењето на системските антибиотици не е секогаш оправдано. Авторите даваат осврт на Cefixime - лек на избор за вонболничко лекување на долнореспираторните инфекции. Трудот има научно значење.*

56. Sumanova, C., **Sumanov, Gj.** (2011): Skopryl plus medicine of choise in the therapy for hypertension, Southeast European medical forum, Second international medical congress, Cardiovascular Diseases and Infectious Diseases, 7-10 September, 2011, Sol Nesebar Resort, Nesebar, Bulgaria, PD-11.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикаже сопственото искуство во однос на лекувањето на хипертензијата со лекот Skopryl plus.*

57. Јанкуловска-Здравковска, М., Блажевска, А., **Шуманов Ѓ.,** Данилова, М. (2012): Информираноста и задоволството на пациентите од здравствените услуги во специјалистичко-консултативните амбуланти во Скопје, Трети конгрес на лекарите по општа медицина/семејна медицина на Р.Македонија со меѓународно учество, Охрид, 26-29 април 2012, Зборник на апстракти.

*Целта на истражувањата објавени во овој труд е да се прикаже информираноста и задоволството на пациентите од здравствените услуги во специјалистичко-консултативните амбуланти во Скопје. Резултатите покажуваат дека авторите ги реализирале поставените цели во истражувањето. Трудот има научно значење.*

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Член на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Функции и активности на факултетски тела на*** Факултетот за медицински науки:

- продекан за настава на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип;
- претседател на Комисија за запишување на студенти на (стручни) студии од втор циклус на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип;
- претседател на Комисија за проверка на познавањето на македонски јазик од страна на странски студенти запишани на Факултетот за медицински науки;
- член на Комисија за проверка на студентски досиеја на Факултетот за медицински науки;
- раководител на студиска програма Општа медицина, УГД – Штип;
- член на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки УГД – Штип;
- член на Етикиот комитет на Факултетот за медицински науки УГД – Штип.
- активно учество во изготвувањето на студиските програмите за прв и втор циклус студии на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип;
- активно учество во подготовка на елаборатите за акредитација.

***Членство во професионални асоцијаци***

1. Член на МЛД од 1988 година.
2. Член на Лекарската комора на Македонија.
3. Член на Здружението на епидемиолозите на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според приложената документација, кандидатот д-р Ѓорѓи Шуманов ги исполнува формалните и суштинските критериуми за избор во наставно - научно звање *редовен професор*.

Д-р Ѓорѓи Шуманов по изборот за вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност на полето на наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) активност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека тој ги исполнува критериумите за да биде избран во наставно-научно звање редовен професор.

Имајќи го предвид горекажаното, личното познавање на кандидатот, како и дека целосно ги исполнува сите потребни услови за избор во звањето редовен професор за кое конкурира. Рецензентската комисија има посебна чест да му препорача на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот вонр. проф. д-р Ѓорѓи Шуманов да биде избран во звањето редовен професор за наставно-научната област епидемиологија/поле јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Блаже Николовски, с.р.**
**Проф. д-р Драган Даниловски, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Таушанова, с.р**

**Т А Б Е Л А**

**НА АКТИВНОСТИ НА ВОН. ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ ШУМАНОВ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР (2008-2013)**

| **Ред. број** | **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник - во земјата | 1 | 15 | 15 |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | 4 | 4 | 16 |
| 3. | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.)<br>Студентски пакети (програми, концепти, материјали, трудови од интерес, презентации и сл. закачени на е-учење) | 3 | 4 | 12 |
| 4. | Ментор на одбранета специјалистичка работа во земјаva | 2 | 2 | 4 |
| 5. | Член на комисија за одбрана на специјалистичка работа во земјава | 5 | 1 | 5 |
| 6 | Ментор на одбранета дипломска работа (макс. 7) | 7 | 1 | 7 |
| 7 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | 7 | 0,2 | 1,4 |
| 8. | Раководител на студент во учество на студентска манифестација во странство | 7 | 2 | 14 |
| 9. | Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет -<br>На *општа медицина*, прв циклус (2008/2009, 2009/2010 и 2011/2012 г):<br>- Вовед во медицината (2+0+1),<br>- Основи на јавно здрвство (2+0+1),<br>- Епидемиологија (2+1+1),<br>- Унапредување (промоција) на здравје (2+0+1),<br>- Социјална медицина (2+1+1) и<br>*на стручните студии (*2008/2009, 2009/2010 и 2011/2012 г.) *по предметите*:<br>- Епидемиологија и јавно здравство (2+2+1),<br>- Превенција на заразни и незаразни болести (2+0+1),<br>- Основи на научноистражувачка работа (2+0+1),<br>- Јавно здравство и оптометрија (2+0+1),<br>На втор циклус - спец. стручни студии (2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011 г.), на<br>*специјалистички студии за медицинска сестра/техничар за Превенција на заразни и незаразни болести:*<br>- Имунопрофиласа со имунизација и Серопрофилакса (3+3)<br>– Превенција на заразни и незаразни болести (3+3)<br>– Здравствено воспитание (2+2)<br>*На специјалистички студии за дипломиран стручен лаборант специјализиран за работа во санитарно-хемиска лабораторија*<br>- Комунална хигиена (2+2) | 5<br><br>4<br><br>4 | 3<br><br>3<br><br>3 | 15<br><br>12<br><br>12 |
| 10 | **Предавања** (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | | | 40 |
| 11. | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс | | | 30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Рецензент на соработници и наставници, објавени во Универзитетски билтен на УГД:<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, анестезиологија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, интерна медицина,<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, оториноларингологија,<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, урологија, соработник, епидемиологија,<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, инфектологија,<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, трансфузиологија<br>бр.31/16.11.2009 – наставник, дерматовенерологија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, хирургија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, ортопедски болести<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, радиологија<br>бр.31/16.11.2009 - наставник, офтамологија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, микробиологија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, патологија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, педијатрија<br>бр.31/16.11.2009 - соработник, јавно здравство и здравствена заштита<br>бр.31/15.02.2010 - наставник, медицинска генетика и хистологија со ембриологија<br>бр.39/03.05.2010 - наставник, фундаментални медицински науки<br>бр.40 /15.05.2010 - соработник, хигиена<br>бр.40 /15.05.2010 - соработник, клиничка медицина<br>бр.40 /15.05.2010 - соработник, фундаментални медицински науки.<br>бр.46 /15.09.2010 - наставник, фундаментални медицински науки<br>бр.46 /15.09.2010 - наставник, клинички медицински науки<br>бр.50 /01.12.2010 - наставник, фундаментални медицински науки<br>бр.58 /15.04.2011- наставник, хигиена<br>бр.59/03.05.2011- соработник, клиничка медицина<br>бр.73 /30. 01.2012 – соработник, интерна медицина<br>бр.75 /03. 03.2012 – соработник, клинички медицински науки<br>бр.83 /02. 07.2012 – наставник, организација на здравствена служба<br>бр.92 /15. 11.2012 – соработник, фундаментални медицински науки<br>бр.92 /15. 11.2012 – соработник, јавно здравство и здравствена заштита<br>бр.95 /24. 01.2013 – соработник, фундаментални медицински науки | **31** | **1** | **31** |
| | **Вкупно НО** | | | **214,4** |
| | **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| 1. | Дел од монографија или научна книга | 6 | 1 | 6 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат – усна/постер презентација:<br>Трудовите со реден број од 39 до 57 (вкупно 18)<br>Во странство<br>Во земјава | **6**<br>**12** | **2**<br>**1,5** | **12**<br>**18** |
| 3. | Секциско предавање на научен собир во земјата | **2** | **2** | **4** |
| 5. | Одбранета докторска теза | | **8** | **8** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Одбранета магистерска работа | | **4** | **4** |
| 7. | Член на научен проект | **1** | **2** | **2** |
| | **Вкупно НИ** | | | **54** |
| | **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| 1. | Член на универзитетски и владини тела | **5** | | **5** |
| 2. | Продекан за настава | **4** | | **4** |
| 3. | Член на комисија за проверка на студентски досиеја на Факултетот за медицински науки | **2** | | **2** |
| 4. | Претседател на Комисија за запишување на студенти на (стручни) студии од втор циклус на Факултетот за медицински науки | **2** | | **2** |
| 5. | Раководител на студиска програма Општа медицина, | **2** | | **2** |
| 6. | Претседател на Комисија за проверка на познавањето на македонски јазик од страна на странски студенти запишани на Факултетот за медицински науки | **2** | | **2** |
| 7. | Член на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки | **2** | | **2** |
| 8. | Член на Комисијата за етички прашања при ФМН | **2** | | **2** |
| 9 | Активно учество во изготвувањето на студиските програмите за I и II циклус студии на Факултетот за медицински науки | **2** | | **2** |
| 10. | Активно учество во подготовка на елаборатите за акредитација | **2** | | **2** |
| | **Вкупно САОР** | | | **25** |
| | **Вкупно НО +НИ +САОР** | | | **289,4** |